# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БОСИЛОВО ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

12.02.2024 ГОДИНА
Б О С И Л О В О
БР.36 ГОД.29

ПРИМЕРОКОТ Е Б Е С П Л А Т Е Н

## С о д р ж и н а

1.Одлука за сопствено учество за реализација на проект„Водоснабдителен систем за с.Дрвош-изградба на доводен цевковод и далековод со трафостаница“.
2. Одлука за сопствено учество за реализација на проект „Изградба на локална улица во с.Турново на к.п.бр.2214/1“.
3.Одлука за доделување на финасиски средства на Општинските основни училишта во општина Босилово-ООУ „Гоце Делчев“-Босилово,ООУ „Св.Кирил и Методиј“-Иловица и ООУ „Борис Трајковски“-Моноспитово.
4.Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Босилово за 2024 година.
5.Акционен план за еколошки акции во општина Босилово за 2024 година.
6.Одлука за давање на СОГЛАСНОСТ за користење на просторија во Домот на културата во с.Турново на Здружението на граѓани „Христијанска солидарност“-с.Турново.
7.Одлука за давање на користење на фудбалското игралиште во с.Секирник-сопственост на општина Босилово на ФК„Турново“ АД с.Турново за временски период од 12 месеци.
8.Одлука за доделување на финансиски средства на Ловното друштво „СКОРУШ“-с.Куклиш како спонзорство за организација на „Ловечката вечер 2024 година“,што се одржа на 10.02.2024 година во хотел „Цар Самуил“ во с.Банско.во висина од 5.000 денари.

9. Одлука за доделување на финансиски средства на Иницијативниот одбор „Св.Тома“ од с.Босилово како спонзорство за организирање на ручек по повод верскиот празник „Св.Тома“ што традиционално се дава во с.Босилово,во износ од 18.000 денари.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-352/1 за сопствено учество во реализација на проект„Водоснабдителен систем за с.Дрвош-изградба на доводен цевковод и далековод со трафостаница ,донесена на триесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.02.2024 година.

Бр.09-361/1 Општина Босилово
12.02.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово“,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.02.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за сопствено учество за реализација на проект**

**„Водоснабдителен систем за с.Дрвош – изградба на доводен цевковод и далековод со трафостаница**

Член 1

Општина Босилово ќе учествува со сопствени средства во реализација на проектот:

„Водоснабдителен систем за с.Дрвош – изградба на доводен цевковод и далековод со трафостаница„.

Член 2

Проектот ќе се спроведува врз основа на Програмата за инвестирање во животната средина и Конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2024 година објавен од страна на МЖСПП.

Член 3

Вкупната планирана вредност на проектот изнесува 9.910.576 денари. Сопственото учество ќе биде обезбедено со средства од Буџетот на општина Босилово во износ од 3.910.576 денари.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-352/1 Совет на општина Босилово
12.02.2024 година Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-353/1 за сопствено учество во реализација на проект„Изградба на локална улица во с.Турново на к.п.бр.2214/1“ ,донесена на

триесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.02.2024 година.

Бр.09-362/1 Општина Босилово
12.02.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Босилово (,,Службен гласник на општина Босилово,,бр.21/2014) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.02.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за сопствено учество за реализација на проект„Изградба на локална улица во с. Турново на КП.бр.2214/1,,**

Член 1

Општина Босилово ќе учествува со сопствени средства во реализација на проектот:
„Изградба на локална улица во с. Турново на КП.бр. 2214/1„

Член 2

Проектот ќе се спроведува по претходно одобрување од страна на Министерството за локална самоуправа на РСМ, врз основа на Јавниот повик за финансирање на предлог-проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2024 година.

Член 3

Вкупната вредност на проектот изнесува 7.129.873 денари. Сопственото учество ќе биде обезбедено со средства од Буџетот на општина Босилово во износ од 2.129.873 денари.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-353/1 Совет на општина Босилово
12.02.2024 година Претседател,
Босилово Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-354/1 за доделување на финансиски средства за општинските основни училишта во општина Босилово-ООУ „Гоце Делчев“-Босилово,ООУ „Св.Кирил и Методиј“-Иловица и ООУ „Борис Трајковски“-Моноспитово,донесена на триесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.02.2024 година.

Бр.09-363/1 Општина Босилово
12.02.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

| ид на активност | Населено место | Број | Време за реализација | Средства и субј извршување активности |
|---|---|---|---|---|

| на активност | Вид и број на овошни садници | Класа и висина на садници | Време за реализација | Средства за извршув активностите |
|---|---|---|---|---|
| Набавка и распределба на ошни садници по домаќинства во селените места со обирање на ПЕТ пластика | 1.Цреша = 200 броја<br>2. Јаболка = 250 броја<br>3. Слива = 250 броја<br>4. Круша = 250 броја<br>5. Праска = 250 броја<br>Вкупно=1.200 броја | Класа: Прва класа<br><br>Висина: 1 – 1,5 метри | февруари/март | Буџет на општина Бо 2024 година |

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-355/1 за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Босилово за 2024 година,донесена на триесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.02.2024 година.

Бр.09-364/1 Општина Босилово
12.02.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Акциониот план бр.08-356/1 за еколошки акции во општина Босилово за 2024 година,донесен на триесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.02.2024 година.

Бр.09-365/1 Општина Босилово
12.02.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА
ЕКОЛОШКИ АКЦИИ ВО **ОПШТИНА**
**БОСИЛОВО** ЗА 2024 година

| | Вид на активност | Локации | Начин на спровед |
|---|---|---|---|
| 2. | Чистење на смет покрај јавни површини | 1.Брана Иловица<br>2.Манастир Хамзали<br>3. Моноспитовско Блато<br>4. Речен брег на река Струмица (атар с.Босилово)<br>5. Други јавни површини | Рачно со ќеси за с |

| | Вид на активност | Локации | Начин на спроведување | Време за реализација | Средс... активн... |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. | Чистење на прифатилишта за комунален отпад | Сите населени места во општина Босилово | Механизација на ЈПКД „Огражден„ Босилово | март/септември | -Буџе... Боси... -Буџе... Боси... |

| | Вид на активност | Количина | Начин на распределба | Време за реализација | Средс... активн... |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Набавка на контејнери за одделни фракции на отпад: стакло, ПЕТ пластика и картонска амбалажа | 10 контејнери за ПЕТ пластика<br>10 контејнери за картонска амбалажа<br>4 контејнери за стакло<br>100 канти за ПЕТ пластика | Контејнерите за стакло, картонска амбалажа и ПЕТ пластика ќе бидат поставени во централните подрачја на населените места Босилово, Турново, Моноспитово и Бориево.<br>Кантите за ПЕТ пластика ќ бидат поделени на правни лица во општината, | јануари/јули | Конт... пласт... амба... обез...<br>Конте... и мал... пласт... обез... од оп... фирм... со пр... селе... отпад... |

| | Вид на активност | Локација | Начин на... |
|---|---|---|---|
| 5. | - „Генералка викенд„ акција за чистење на јавни површини | -Населени места во општината<br>- Јавни површини во општината | Со инфор... населен... одреден... неделата... поставув... откупни... вага за м... отпадот. |

| | Вид на активност | Локација | Вид на с... |
|---|---|---|---|
| 6. | Акција за пролетно пошумување | - Училишен двор на ООУ „Кирил и Методиј„ с.Иловица<br>- Речен брег на река Струмица (КО Босилово)<br>- Училишен двор во с. Моноспитово | Посадув... шумски... (багрем, ... или бор) |

| | Вид на активност | Локации | Начин на собирање | Време за реализација | Субје... отпад... |
|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Акција за собирање на отпадна ПЕТ пластика во училиштата | Во кругот на централните и подрачните основните училишта во точно определени денови од неделата | Секој ученик/наставник доброволно ќе носи одредена количина на ПЕТ пластичен отпад | април/мај | Фирм... ПЕТ ... |

| | Вид на активност | Локација | Начин на рекултивација | Време за реализација | Одго... |
|---|---|---|---|---|---|
| 8. | Рекултивација на прифатилиште за комунален отпад | с.Секирник<br>с.Босилово | -разбуткување на сметот,<br>-рамнење на теренот<br>- посипување со земја<br>- садење на дрвја | април/јуни | -ЈПКД... |

| | Вид на активност | Локација | Вид и број на садови | Време за реализација | Субје... |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Набавка и дистрибуција на мали садови/канти за комбиниран отпад | Внатрешни простории на јавни институции (училишта, локална самоуправа и сл.) | -Цврст картон<br>-30 броја | април | -„П... |

| | Вид на активност | Локации | Начин на... |
|---|---|---|---|
| 10. | Собирање на електричен и електронски отпад | Населени места во општината | Со јавно информи... населени... на собир... отпадот ... |

| | Вид на активност | Локации | Начин на спровед... |
|---|---|---|---|
| 11. | Едукативни предавања на учениците за селекција и рециклирање на електричен и електронски отпад | Основни училишта во општината | -социјал...<br>-физичко...<br>- поделб... и мали с... тпадни б... |

Бр.08-356/1 Совет на општина Босилово
12.02.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-357/1 за давање на СОГЛАСНОСТ за користење на просторија во Домот на културата во с.Турново на Здружението на граѓани „Христијанска солидарност“-с.Турново ,донесена на триесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.02.2024 година.

Бр.09-366/1 Општина Босилово
12.02.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.02.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на СОГЛАСНОСТ за користење на просторија во Домот на културата во с.Турново на Здружението на граѓани „Христијанска солидарност“-с.Турнов**

Член 1

Се дава СОГЛАСНОСТ за користење на просторија во Домот на културата во с.Турново на Здружението на граѓани „Христијанска солидарност“-с.Турново.

Член 2

Просторијата во Домот на културата во с.Турново се дава на користење исклучиво за активностите на Здружението на граѓани „Христијанска солидарност“-с.Турново.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-357/1 Совет на општина Босилово
12.02.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-358/1 за давање на користење на фудбалското игралиште во с.Секирник-сопственост на општина Босилово на ФК „Турново“ АД с.Турново на временски период од 12 месеци,донесена на триесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.02.2024 година.

Бр.09-367/1 Општина Босилово
12.02.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.02.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање на користење на фудбалското игралиште во с.Секирник-сопственост на општина Босилово на ФК „Турново“ АД с.Турново на временски период од 12 месеци**

Член 1

Се дава на користење на фудбалското игралиште во с.Секирник-сопственост на општина Босилово на ФК „Турново“ АД с.Турново на временски период од 12 меесеци.

Член 2

Се задолжува ФК „Турново“ АД с.Турново да го адаптира теренот и соблекувалната на фудбалското игралиште во с.Секирник за нормално одвивање на тренинзите на фудбалерите кои ќе тренираат на игралиштето.

Член 3

Се задолжува ФК „Турново“ АД с.Турново да го користи фудбалското игралиште во с.Секирник како добар домаќин,редовно да го одржува и да не го користи за некои профитабилни цели.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-358/1 Совет на општина Босилово
12.02.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14) градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-359/1 за доделување на финасиски средства на Ловното друштво „СКОРУШ“-с.Куклиш како спонзорство за организација на „Ловечката вечер 2024 година “,што се одржа на 10.02.2024 година во хотел „Цар Самуил“ во с.Банско,во висина од 5.000 денари,донесена на триесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.02.2024 година.

Бр.09-368/1 Општина Босилово
12.02.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.02.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Ловното друштво„СКОРУШ“-с.Куклиш како спонзорство за организација на „Ловечката вечер 2024 година“,што се одржа на 10.02.2024 година,во хотел „Цар Самуил“ во с.Банско,во висина од 5.000 денари**

Член 1

Да се доделат финансиски средства на Ловното друштво„СКОРУШ“-с.Куклиш како спонзорство за организација на „Ловечката вечер 2024 година“,што се одржа на 10.02.2024 година,во хотел „Цар Самуил“ во с.Банско,во висина од 5.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-359/1 Совет на општина Босилово
12.02.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.

Врз основа на член 44,став 1 и член 81 став 3 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“ бр.21/14)

градоначалникот на општина Босилово,донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката бр.08-360/1 за доделување на финасиски средства на Иницијативниот одбор „Св.Тома“ од с.Босилово како спонзорство за организирање на ручек по пшовод верскиот празник „Св.Тома“ што традиционално се дава во с.Босилово,во износ од 18.000 денари,донесена на триесетишесттата седница на Советот на општина Босилово,одржана на ден 12.02.2024 година.

Бр.09-369/1 Општина Босилово
12.02.2024 година Градоначалник,
Б о с и л о в о Ристо Манчев с.р.

Врз основа на член 21,став1 ,точка 43 од Статутот на општина Босилово („Сл.гласник на општина Босилово“бр.21/14) Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 12.02.2024 година,донесе:

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски средства на Иницијативниот одбор „Св.Тома“ од с.Босилово како спонзорство за организирање на ручек по повод верскиот празник „Св.Тома“ што традиционално се дава во с.Босилово,во износ од 18.000 денари**

Член 1

Да се доделат финасиски средства на Иницијативниот одбор „Св.Тома“ од с.Босилово како спонзорство за организирање на ручек по повод верскиот празник „Св.Тома“ што традиционално се дава во с.Босилово,во износ од 18.000 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-360/1 Совет на општина Босилово
12.02.2024 година Претседател,
Б о с и л о в о Мито Андонов с.р.